"ЕДИНСТВО" А.Д. КОНФЕКЦИЈА И ТРИКОТАЖА СТРУМИЦА
УЛ. ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ БР. 62
ТЕЛ. 034/321-402, ФАКС 034/344-712
e-mail: edinstvosr@yahoo.com
web: www.edinstvosr.com

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

кон резултатите на друштвото за периодот од 01.01.2023 - 31.12.2023

1. Во извештајниот период, друштвото Група АД „Единство" - Струмица нема промени во сметководствените политики. Тие се применуваат козистентно во текот целата година за кој се однесува извештајот, исто како и во претходниот период.

2. Во периодот од 01.01.-31.12.2022 и 01.01.-31.12.2023 година, друштвото ги оствари следните приходи:

| Вид на приход | 2022 | 2023 | индекс |
|---|---|---|---|
| Приходи од домашен пазар | 7,742 | 643 | 8 |
| Приходи од странски пазар | 38,435 | 55,060 | 143 |
| Останати приходи | 3,461 | 3,047 | 88 |
| Финансиски приходи | 9 | 92 | 1,035 |
| Вкупно приходи | 49,646 | 58,842 | 119 |

Според горенаведената табела, приходите од домашен пазар на друштвото се намалени, приходите од странски пазар се зголемени за 43%, кај останатите приходи 12%, главно поради примената финансиска помош од претходната година, а кај финансиските приходи процентот е зголемен.

| Учество на приходите во проценти | Износ | Процент |
|---|---|---|
| Приходи од домашен пазар | 643 | 1 |
| Приходи од странски пазар | 55,060 | 94 |
| Останати приходи | 3,047 | 5 |
| Финансиски приходи | 92 | 0 |
| Вкупно приходи | 58,842 | 100 |

Во тековната 2023 година, приходите од домашен пазар учествуваат со 1% од вкупниот процент на приходи, 94% припаѓаат на приходите од странски пазар, 5% на останати приходи и малку над 0% на финансиските приходи.

Во најголем дел, приходите претпријатието ги оствари од производство на текстилна облека за странскиот пазар. Најголем купувач е Кашкет Партнерс од Обединетото Кралство.

3. Во периодот од од 01.01.-31.12.2022 и 01.01.-31.12.2023 година, друштвото ги оствари следните расходи:

| Вид на расход | 2022 | 2023 | индекс |
|---|---|---|---|
| Суровини, материјали, резервни делови | 5,860 | 4,155 | 71 |
| Услуги | 3,608 | 5,236 | 145 |
| Плати | 28,256 | 33,961 | 120 |
| Амортизација | 2,431 | 2,126 | 0 |
| Останати трошоци | 4,831 | 93,533 | 1,936 |
| Финансиски трошоци | 3,535 | 351 | 10 |

Според горенаведената табела, трошоците за суровини, материјали и резервни делови се намалиле за 29%, услужните трошоци се зголемиле за 45%, трошоците за плати  се зголемиле за 20% како и останатите трошоци.

Финансискиот резултат за тековната година е негативен и истиот изнесува 87.290 денари.

4. Во тековниот период, како и во претходниот, компанијата нема исплатено дивиденди.

5.  За подобрување на машинскиот парк, во текот на извештајниот период, компанијата има извршено инвестиции, односно купено машини за шиење во износ од 1.329 илјади денари. Во текот на истиот период, компанијата ги има продадено во целост земјиштето и градежните објекти со кои поседуваше. Поради разликата која се јавува помеѓу продажната вредност и сегашната вредност од продажбата, компанијата има искажано загуба од продажба на недвижен имот, во износ од 84.713 илјади денари.

6. Во тековната година, вкупните кредитни задолжувања изнесуваат 3.637 илјади денари, додека овој износ минатата година бил 1.470 илјади денари. Компанијата своите кредитни задолжувања ги има од Халк Банка АД Скопје, Капитал Банка АД Скопје и Силк Роуд Банка АД Скопје.

7. Во текот на 2023 година, компанијата работеше во согласност со утврдените стратешки и годишни цели  на  претпријатието, како и со претходно утврдената деловна политика. Како постојана задача на менаџментот на друштвото беше ангажирањето на друштвото кон зголемување на квалитетот на извршените работи и ефикасното, рационално и економично работење. Важен сегмент во деловната политика на друштвото во изминатиот период беше задржување на бизнисот со постојаните деловни партнери од странство и задоволување на нивните барања. Како идни проекти кои компанијата ги има зацртано се обнова на машинскиот погон и компјутеризација на истиот, создавање на сопствена модна програма со која компанијата ќе учествува на домашниот пазар во поголема мера.

Директор

Кузманов Сашко